РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Бр./Nr 12-435/4
05-01-2021 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) на 45-та седница одржана на 29.12.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2864/1 од 28.05.2019 година оформен по пријава од непознат подносител (анонимна пријава) доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2864/1 од 28.05.2019 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2864/1 од 28.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за незаконитости поврзани со работењето на угостителскиот објект ------- кој се наоѓа на улица ---------- пред зградата број 50 Населба ----------, општина Ѓорче Петров–Скопје, чиј сопственик е -----------------.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-435/1 од 22.01.2020 година и со број 12- 435/2 од 23.09.2020 година со кое побара од Министерството за внатрешни работи да ги провери наводите во пријавата и за исходот од постапувањето да ја извести Државната комисија.

Од Министерството за внатрешни работи во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

По разгледување на наводите во пријавата и прибавените податоци од другите надлежни институции, ДКСК го утврди следното:

Угостителскиот објект --------------- се наоѓа на улица ----------- пред зградата број 50 Населба ------------, општина ------------Скопје, кој е во сопственост на сопругата на ---------, -------------------.

Од Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Скопје Полициска станица -----------------, биле извршени повеќе полициски контроли во споменатиот објект во однос на почитувањето на јавниот ред и дисциплина или присуство на сомнителни лица во објектот, при што не се регистрирани такви случаи во изменатиот период. Не е евидентирано никакво незаконско постапување од страна на сопствениците на овој угоститлски објект ниту пак има некаква поплака против нив.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека постапиле други надлежни органи (Министерството за внатрешни работи ) кои во рамките на своите надлежности преземале процесни дејствија согласно закон и ја утврдила фактичката состојба, поради што ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**